# ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ КАЈ ХРИСТИЈАНСКИТЕ ВЕРСКИ ХРАМОВИ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ

**Драган Веселинов**
***Регионален центар за управување со кризи – Штип***
**Трајче Нацев**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Република Северна Македонија***

Општината Карбинци зафаќа површина од 259 км$^2$. Таа има средна територијална големина во однос на останатите општини во Македонија, а се граничи со општините Радовиш, Штип, Свети Николе, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Зрновци. Територијата на општината се протега од северо-западната падина на планината Плачковица, преку широката долина на реката Брегалница, до северо-запад на ридестиот морфолошки терен од Овчеполието. Нејзиниот релјеф се карактеризира со ридско-планинско и рамничарско земјиште. Шумската вегетација со која располага општината е карактеристична за високиот релјеф што го сочинува планината Плачковица. Во карбинско се наоѓа дел од средното сливно подрачје на реката Брегалница. Овие простори се карактеристични по долгите топли и сушни лета и студени и влажни зими. Ваквите географски карактеристики овозможуваат различно аграрно-економско искористување на приликите кои ги нуди општина Карбинци. Низ општината се трасирани локални и регионални патни правци а покрај нив тука поминува и дел од железничката линија Велес и Кочани.[1] Како населени места кои всушност сите претставуваат села на нејзината

[1] Најзначаен регионален патен правец кој поминува низ општина Карбинци е Штип-Кочани со клон за Пробиштип-Кратово-Страцин, а од Кочани овој пат со еден клон пак преку Македонска Каменица продолжува кон Делчево и македонско-бугарската граница, а со друг преку Виница за Берово.

територија, со што е дефинирана и нејзината руралност, се познати следниве: Аргулица, Батање, Црвулево, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Јунузлија, Калаузлија, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Кучица, Курфалија, Нов Караорман, Оџалија, Припечани, Прналија, Радање, Руљак и Таринци (Сл. 1.)[2]. Поголемиот дел од општината е населен со христијанско население додека останатиот дел го сочинуваат муслимани (Сл. 2.).

На подрачјето на општина Карбинци се наоѓаат околу дваесет и шест христијански верски храмови (Сл. 3.). Проблемот со немањето точна бројка на овие храмови се должи на неколку фактори меѓу кои недовршената изградба или неосветеноста и непризнаеноста на некои од нив, од страна на Македонска православна црква – Охридска архиепископија, Јустиниана прима (МПЦ-ОАЈ).[3] Сепак, и покрај сето ова сите тие се градени, посетувани и негувани од страна на христијанските верници и за нив овие објекти се од посебно значење. Разбирливо е дека христијанските верски храмови претежно се наоѓаат во самите села или во нивните атари кои се населени со христијанско население. Ваквите верски храмови кои покрај религиската вредност претставуваат и материјално општествено добро се изложени на разни видови опасности меѓу кои и елементарните непогоди.[4]

Елементрани непогоди, кои како видови на опасност се дефинирани со законски акти, се честа и реална појава на опасност на

[2] Илюстрациите към статията са публикувани в специална кола в края на годишника на стр. 568–571. Бел. ред.

[3] Ваквите тврдења се поткрепени со изјави на одредени ктитори на верските храмови и официјални ставови на Брегалничката епархија односно МПЦ-ОАЈ.

[4] Како елементарни непогоди се сметаат земјотресите, пожарите, поплавите, лизгањето на земјиште, снежните лавини, наносите, луњите, уривањето и прелевањето на високите брани и насипи, сушата, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, поледици и ледени дождови и други атмосферски непогоди кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето или материјалните добра во поголем обем. За видовите на опасности види во член 3 став 2 од Законот за управување со кризи (Сл. Весник на Р. Македонија бр.29/05).

денешницава. Затоа неопходно е нивно детектирање со цел за превземање на потребните мерки и активности за заштита на вредностите во едно општество. Преку вршење на одредени процени можат да се утврдат потенцијалните опасности кои би довеле до уништување или оштетување на материјалните добра. Применувањето на ова кај христијанските верски храмови во општина Карбинци може да помогне во одредувањето на нивниот степен на загрозување од елементарните непогоди кои се карактеристични за оваа територија. Утврдувањето на ваквите работи ќе се реализира со анализа и процена на „Процената на загрозеност од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Карбинци" како и статистичките податоци за црквите и манастирите во општина Карбинци добиени од Брегалничката епархија и Картата на верски објекти во Република Македонија. На тој начин ќе се добијат резултати кои ќе послужат во заштитата и спасувањето на ваквите храмови при евентуална појава на елементарни непогоди.

Според процената на загрозеност од сите ризици и опасности во општина Карбинци, на нејзиното подрачје се карактеристични следните опасности: пожарите, поплавите, сушите, земјотресите, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, силни ветрови, поледици и ледени дождови. Но реално сите овие немаат исто влијание кај христијанските верски храмови. Некои од нив можат да нанесат сериозни оштетувања или уништувања кај ваквите објекти додека други не би предизвикале некакви негативни последици врз истите.[5] Затоа овие вторите во кои спаѓаат сушите, загадување на

[5] Согласно член 6 од Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Републлика Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи се одредува степен на загрозеност што означува ризик односно состојба со манифестирани појави на загрозеност од одредена опасност. (Прв степен означува редовна состојба (нема ризик); Втор степен означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност); Трет степен означува покачен ризик (можен почеток на криза или кризна состојба); Четврт степен означува висок ризик и веројатност за почеток на криза или кризна состојба; Петти степен означува највисок ризик на загро-

вода и почва, температурни разлики и варирања, поледици и ледени дождови ќе бидат изземени во текстот.[6] Исто така нема да биде извршена процена и елаборација и од можни појави на земјотреси бидејќи оваа опасност на територијата на општината е ретка појава со слаб до незначаен интензитет.[7]

Како христијански верски храмови во општина Карбинци се познати следните: црква „Свети Никола“ – с. Крупиште, црква „Свети Јован Крстител“ – с. Горни Балван, црква „Свети вмч. Ѓорѓи“ – с. Долни Балван, црква „Света Троица“ – с. Горно Трогерци, црква „Вознесение Христово“ – с. Долно Трогерци, црква „Вознесение Христово“ – с. Карбинци, параклис „Свети вмч. Димитриј“ – с. Таринци, црква „Света Троица“ – с. Таринци, црква „Свети Кирил и Методиј“ – с. Радање, црква „Свети пророк Илија“ – с. Аргулица, црква „Свети Спас“ – с. Аргулица, параклис „Покровита Богородица“ – с. Аргулица, параклис „Свети Ѓорѓи“ – с. Аргулица, црква „Свети Јован“ – с. Аргулица, црква „Света Петка“ – с. Аргулица, црква „Раѓање на Пресвета Богородица“ – с. Аргулица, параклис „Свети Харалампие“ – с. Аргулица, параклис „Свети Јоаким Осоговски“ – с. Аргулица, црква „Свети вмч. Ѓорѓи“ – с. Козјак, црква „Света Петка“ – с. Калаузлија, параклис „Света Среда“ – с. Калаузлија, параклис „Свети Апостоли Петар и Павле“ – с. Вртешка, параклис „Свети Ѓорѓи“ – с. Вртешка, црква „Свети Илија“ – с. Руљак, црква „Свети Спас“ – с. Црвулево и

---

зеност на виталните вредности (создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба).

Степенот на загрозување за сите видови на опасности карактеристични за општина Карбинци е даден во Процената на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Карбинци, 2014. Според тоа пожарите се со трет степен на загрозување, додека загрозувањето од поплавите и сушите е со втор степен. Земјотресите, загадување на вода и почва, температурни разлики и варирања, силни ветрови, поледици и ледени дождови се со прв степен на загрозување.

[6] Ова е утврдено врз основа на анализи и процени на Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Карбинци, 2014.

[7] Истото.

црква „Свети Илија“ – с. Припечани. (Брегалничка епархија[8]; Карта на верски објекти во Република Македонија, Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи, 26 и 27; локално население)

На североисточниот крај на селото Крупиште, непосредно под патот Штип-Кочани, на десниот брег на реката Брегалница во месноста викана Подцркви се наоѓа средновековната црквата „Свети Никола“. Овој верски храм е изграден на темелите на старохристијанска базилика во 1625 година во времето на епископот Макарие, а две години подоцна е живописан (Брегалничка епархија).[9] Во 1880 година делумно е обновен живописот од кога и има икони на Даниил, Исаја Дебренин и други зографи (Брегалничка епархија). Црквата претставува еднокорабна градба со припрата и полувалчест свод, кој е во припратата нешто понизок од тој во наосот, а е подигната од кршен камен со нееднаква големина и вградени делови од ранохристијанска пластика. Таа се наоѓа на пристојна оддалеченост и местоположба во однос на реката Брегалница што значи дека и при евентуално екстремно излевање на реката нема опасност од загрозување на објектот. Опасност која може да предизвика некаква штета или делумно уништување на црквата се пожарите. Оваа процена се должи на непосредното вегетациско опкружување на храмот како и неговиот вид на градба. Останатите видови на опасности не би предизвикале штети кај овој верски објект.

Црквата „Свети Јован Крстител“ е лоцирана на северозападниот крај на селото Горни Балван. Таа е изградена и осветена во XIX век. Нејзиното живописување е извршено во 1878 година. Врз основа на местоположбата, градбата и непосредно опкружување (со вегетација) на овој објект, тој единствено е загрозен од можна појава на

[8] http://www.bregalnickaeparhija.org.mk/index.php/2014-03-17-20-33-02/2010-01-15-21-58 (посетено на 25.08.2020 г.)

[9] Претходно постоечкиот ранохристијански објект на ова место е разурнат во текот на големите аваро-словенски инвазии. По населувањето на Словените во овие области црквата е обновена каде над темелите на стариот ранохристијанскиот разурнат храм е подигната еднокорабна црква со нартекс. Денес објектот е регистриран како културно наследство кое е ставено под заштита на државата.

пожар, која како опасност би предизвикала негово уништување или оштетување.

Иконостасот на верскиот храм „Свети вмч. Ѓорѓи“, село Долни Балван, датира од XIX век. За периодот на неговата изградба и осветеност нема конкретни податоци. Процената за загрозеност од некаков вид на елементарни непогоди кај оваа црква е иста како и на онаа од Горни Балван. Така како опасност која може да го загрози храмот „Свети вмч. Ѓорѓи“ е само појавата на пожар.

Во село Горно Трогерци црквата „Света Троица“ се претпоставува дека е изградена во XIX век додека за црквата „Вознесение Христово“ која се наоѓа во соседното село Долно Трогерци нема податоци за времето на нејзината изградба.[10] И кај двата објекта според нивната местоположба, тип на градба и непосредното опкружување, пожарот претставува единствен вид на елементарна непогода која би довел до оштетување или уништување на истите.

Изградбата на црквата „Вознесение Христово“ во селото Карбинци е завршена во 1876 година кога е направено и нејзино осветување. Еден дел од иконостасот потекнува од 19 век додека другиот е од 1905 година. Местоположбата на црквата како и нејзиното опкружување прават таа да биде загрозена само од пожар. Но оваа опасност на местото каде се наоѓа црквата е со низок степен на загрозување, па во случај на нејзина појава не се очекуваат сериозни негативни последици врз објектот.

Како времен објект во селото Таринци изграден до темелите на стара црква, која е срушена за време на османлиското владеење на овие простори, претставува параклисот „Свети вмч. Димитриј“ (Брегалничка епархија). Состојбата со овој верски храм е таква бидејќи се планира на споменатите темели да се гради нова црква. Параклисот може да биде уништен или оштетен единствено од пожар. Оваа процена е резултат на неговата локација во чија непосредна близина се наоѓаат објекти што претставуваат ризик по иститот во случај на појава и неконтролирано проширување на ваквата опасност кај некој

[10] Според податоците од Брегалничката епархија, иконостасот на црквата „Вознесение Христово“, село Горно Трогерци, е направен во 19 век од Атанас од Крушево и други непознати автори.

од нив. Со иста процена на загрозеност е и другиот храм во селото, „Света Троица“, кај кој исто така само пожарите како опасност може да предизвикаат негово оштетување или уништување.

Лоцирана во средишниот дел на селото Радање, црквата „Свети Кирил и Методиј“ е изградена и осветена во 1929 година (Брегалничка епархија). И кај оваа црква поради местоположбата која ја има и непосредното опкружување со објекти и вегетација, само пожарите може да доведат до нејзино оштетување или уништување.

Селото Аргулица претставува место каде се наоѓаат поголем број на верски храмови. Некои од нив се во самото село а други во негова непосредна близина. Храмовите, црквата „Свети пророк Илија“ и параклисот во изградба „Свети Ѓорѓи“ кои се лоцирани во самото село како и оние во неговата периферија како што се црквата „Свети Јован“ и параклисот „Покровита Богородица“ поради сличните околности и карактеристики како кај црквите во селата Таринци и Радање ја имаат истата нивна процена т.е. единствено пожарите како опасност можат да предизвикаат негативни последици кај овие објекти. За разлика од нив црквите „Свети Спас“ (се наоѓа во близина на патот кој води од село Аргулица до село Бурилчево), „Света Петка“ (исто така со местоположба во близина на патот кој води од село Аргулица до село Бурилчево) и „Раѓање на Пресвета Богородица“ (лоцирана под црквата „Свети Спас“) како и параклисите „Свети Харалампие“ и „Свети Јоаким Осоговски“ (во близина на црквата „Свети Спас“) не се загрозени од можна појава на било каков вид на елементарни непогоди карактеристични за тоа подневје. Разбирливо е дека ваквата процена се должи на нивната местоположба и вид на градба но и на непосредно опкружување каде тие се сместени.

„Свети вмч. Ѓорѓи“ е црква која се наоѓа во близина на селото Козјак. Овој верски храм е еден од најстарите во Македонија чија негова изградба датира од IX–X век (Брегалничка епархија; Расолкоска-Николовска 1970: 222). Како црква со исклучителна вредност, истата од страна на државата е ставена на списокот на заштитено културно наследство. Фрескоживописот се одликува во три слоја, од кои последниот потекнува од XII до XIV век додека пак од најстариот има сочувано старословенски графити (Брегалничка епархија).

Самата местоположба и непосредното опкружување на овој објект прават тој да биде ранлив еднинствено од појава на пожар. Но ризикот од оштетување или уништување на црквата од оваа опасност е многу мал.

Во атарот на селото Калаузлија се наоѓаат два верски храма. Првиот е црквата „Света Петка“ која е сместена во рамките на релативно нов изграден манастир, а другиот параклисот „Света Среда“. Црквата која е изградена и осветена во XX-от век е лоцирана на левата страна од асфалтниот пат (кој поминува низ планината Плачковица) пред селото Калаузлија, додека параклисот пак се наоѓа на 1-2 км оддалеченост од црквата. Поставеноста на двата храма во однос на околината како и самата непосредна средина може да доведат само до загрозување на овие објекти од појава на пожар. За параклисот „Света Среда“ е карактеристично и загрозувањето од поплави бидејќи истиот е изграден во коритото на Козјачка Река. Така во услови на поројни и долготрајни дождови кога во коритото би се зголемил и засилил водотекот на реката, може да дојде до оштетување на параклисот.

Параклисите „Свети Апостоли Петар и Павле“ и „Свети Ѓорѓи“ се сместени во селото Вртешка. За изградбата и осветувањето на првиот нема податоци, додека вториот е изграден и осветен во 2005 година со фрескоживопис на зографот Златанов од Скопје (Брегалничка епархија). И кај овие два верски храма единствено пожарите може да предизвикаат некакво оштетување или пак уништивање.

Процената за единствено загрозување од пожари важи и за црквите „Свети Илија“ во селото Руљак, „Свети Спас“ во селото Црвулево и „Свети Илија“ во селото Припечани. Секако дека ова е резултат на нивната местоположба и непосредно опкружување кои ги ставаат во потенцијален ризик од овој вид на опасност.

## Заклучок

Врз основа на извршени анализи од Процената на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Карбинци но и според местоположбата, градбата и непосредната околина на овие

верски храмови е добиен заклучокот за видот на опасноста од кои тие би биле загрозени. Пожарите претставуваат единствена потенцијална елементарна непогода со негативно влијание кај сите наведени верски објекти во општината, со исклучок на еден кај кој и поплавата може да доведе до негово оштетување или уништување (Сл. 4.). Во општина Карбинци врз основа на Процената пожарите претставуваат опасност од трет степен, што подразбира манифестација на загрозување, додека поплавите се карактеризираа со втор степен т.е. ретка манифестација на загрозеност. Затоа појавата на пожари од поголеми размери може да предизвика оштетување или уништување на овие храмови додека поплавите кај единствениот храм кој е загрозен од оваа појава можат да доведат до негово оштетување. Но проценките за видот и степенот на опасности се променливи кои пред се зависат од реалната и честа појава на природни катастрофи, како и од сопствените карактеристики на целта земена за проценка. Поради ова, потребно е постојано ажурирање, следење и анализирање на проценките од стручни лица, пред се заради ефикасна заштита и спасување на христијанските верски објекти од природни катастрофи.

## ЛИТЕРАТУРА

**Брегалничка епархија**. – Интернет адреса: http://www.bregalnickaeparhija.org.mk.

**Законот за управување со кризи**. – Сл. Весник на Р. Македонија, бр.29/05).

**Карта на верски објекти во Република Македонија**, Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи.

**Процена на загрозеноста од сите ризици и опасности на подрачјето на општина Карбинци**.

**Расолкоска-Николовска 1970**: Расолкоска-Николовска, З. Црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите испитувања. – Зборник „Кирил Солунски“. Књ. I. Скопје, МАНУ.

**Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија** од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи се одредува степен на загрозеност што означува ризик односно состојба со манифестирани појави на загрозеност од одредена опасност.

# NATURAL HAZARD ASSESSMENT OF CHRISTIAN RELIGIOUS TEMPLES IN THE MUNICIPALITY OF KARBINCI

**Dragan Vesselinov**
***Regional crises management center – Shtip***
**Trayche Natsev**
***'Gotse Delchev' University – Shtip***
***Republic of North Macedonia***

*Abstract*

There are lots of Christian religious temples on the territory of the Municipality of Karbinci. All of them have religious as well as cultural-historical significance. But as the rest of the material good in the municipality, the Christian religious temples are vulnerable to negative influences and consequences of natural disasters. These types of hazards can lead to their damage or destruction. Therefore, it is necessary to assess the threat of natural disasters at these religious temples in order to further take measures and activities for their protection and rescue in case of occurrence of such dangers.

*Keywords*: Assessment, danger, Christian religious temples, Municipality of Karbinci, Natural hazard.

Илюстрации към статията на Драган Веселинов и Трајче Нацев – „Процена на загрозеноста од елементарни непогоди кај христијанските верски храмови во општина Карбинци“, стр. 513–522.




Сл. 1. Општина Карбинци со населените места.




Сл. 2. Верска мапа на општина Карбинци.




Сл. 3. Христијански верски храмови во општина Карбинци.




Сл. 4. Изложеноста на опасности кај христијанските верски храмови на територијата на општина Кабинци.